**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), член 38 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10 и 18/14) и член 7 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), Градоначалникот на Општина Гевгелија распишува

# КОНКУРС

За финансирање на програми и проекти
од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2020 година

## I

За остварување на јавните потреби од областа на културата, Градоначалникот на Општина Гевгелија распишува Конкурс за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2020 година.

Културните дејности, програми, манифестации и финансиските средства за нивна реализација се утврдуваат со годишна програма и со Буџетот на Општина Гевгелија за 2020 година.

## II

На Конкурсот имаат право да учествуваат уметници, самостојни уметници, установи од областа на културата, здруженија на граѓани, фондации и други физички и правни лица, регистрирани во Република Северна Македонија за дејности од областа на културата, согласно Законот за културата други позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.

Правните и физичките лица кои имале поддржани проекти од Општина Гевгелија во претходната година, треба да ја имаат исполнето обврската за доставување на наративен и финансов извештај за доделените средства.

## III

Општина Гевгелија ќе учествува во финансирање на програми, проекти и активности согласно законската регулатива и Правилник за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија (www.gevgelija.gov.mk).

## IV

Апликантите покрај пријавата, задолжително треба да ги достават следните документи:

- Документ за регистрирана дејност, издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија (освен јавни установи основани од Општина Гевгелија),
- Референтна листа на реализирани проекти,
- Изјава или договор со сите учесници во проектот,
- Рецензија потпишана од рецензентот која треба да се однесува на содржината на проектот. За дебитантските книги се потребни 2 рецензии (за проект од областа на литературната дејност);

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353 (centrala) ++389 34 216 899 (Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk

- Потврда за отворена и активна жиро сметка,
- Други документи (покани за учество на фестивал, препораки, меморандуми за соработка и сл.).

V

Пријавите (апликациите) задолжително се превземаат од официјалниот веб портал на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk, се пополнуваат во електронска форма и се доставуваат во печатена форма во општината.

Пријавите треба да се достават до Општина Гевгелија, преку пошта на адреса: ул. „Димитар Влахов“ бр.4, Гевгелија, или во архивата на Општина Гевгелија, најдоцна до 16:00 часот на последниот ден од завршувањето на Конкурсот , со назнака „**Конкурс за финансирање на програми и проекти од областа на културата за 2020 година**“.

VI

Конкурсот ќе трае од 15.11.2019 година до 15.12.2019 година.

Нема да бидат разгледани следните пријави: доставени по истекот на рокот, пополнети на несоодветен образец, доставени по електронска пошта, со непотполни податоци и без документација која задолжително се бара.

VII

Резултатите од конкурсот ќе бидат во вид на Програма за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2020 година, која ја носи Советот на Општина Гевгелија, а ќе биде објавена во Службен гласник и веб-страницата на општината.

Дополнителни информации можат да се добијат на тел.: 034/211-211.

Бр. 08-1880/1
14-11.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***м-р Сашо Поцков***